**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН СУД**
**СКОПЈЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT**
**GJYKATA ADMINISTRATIVE**
**SHKUP**

**Су-07.бр.9/23**
**13.02.2023 година**

# П Р Е Д Л О Г   З А К Л У Ч О К
## ДОНЕСЕН НА СЕДНИЦА НА РАБОТНО ТЕЛО ВО ВРСКА СО ДОСУДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО УПРАВНО-СУДСКА ПОСТАПКА

На ден 13.02.2023 година, од седницата на Работното тело е предложен следниот Заклучок по однос на прашањето за досудување на трошоци во управно - судска постапка:

**I.**

**I.I. ДОСУДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ВО ПОСТАПКИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗАВЕДЕНИ ВО УПИСНИЦИТЕ “У-1”, “У-2”, “У-3”, “У-4”, “У-5”, “У-6”, “УРП”, “УПР”, “УПРК”, “УПРД”, “УПРЦ”**

За управните спорови заведени во Уписниците “У-1”, “У-2”, “У-3”, “У-4”, “У-5”, “У-6” и “УРП” во кои тужбата е поднесена од полномошник – адвокат, доколку истата се уважи (во спор на законитост или во спор на полна јурисдикција) се досудуваат трошоци на постапката во висина од 7.000,00 денари за награда за управен спор + 18%ДДВ (доколку адвокатот достави доказ дека е ДДВ обврзник) и судски такси за тужба и одлука (во предметите каде тужителите не се ослободени од плаќање на судски такси) во износ од 1.280,00 денари (480,00 денари такса за тужба +800,00 денари такса за одлука). Не се досудуваат трошоци за состав на други поднесоци (уредување на тужба, состав на полномошно, одговор на тужба и сл.).

За управните спорови, заведени во Уписниците “УПР”, “УПРК”, “УПРД” и “УПРЦ”, се постапува на ист начин, со единствена разлика што се досудува судска такса за тужба во износ од 480,00 денари (не се досудува судска такса за одлука).

**I.II. ДОСУДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ВО ПОСТАПКИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗАВЕДЕНИ ВО УПИСНИЦИТЕ “У-1”, “У-2”, “У-3”, “У-4”, “У-5”, “У-6”, “УРП”, УПР”, “УПРК”, “УПРД”, “УПРЦ” ПО ТУЖБА ПОДНЕСЕНА ЛИЧНО ОД ТУЖИТЕЛОТ ИЛИ ПОЛНОМОШНИК НА ТУЖИТЕЛОТ КОЈ НЕ Е АДВОКАТ**

Во управните спорови заведени во Уписниците “У-1”, “У-2”, “У-3”, “У-4”, “У-5” “У-6” и “УРП” оформени по тужба поднесена лично од тужителот или полномошник на тужителот кој не е адвокат, во случај на уважување на тужбата, а тужителот/ите не се ослободени од плаќање на судски такси, се досудуваат трошоци во износ од 1.280,00 денари, и тоа за судска такса за тужба 480,00 денари и судска такса за одлука во износ од 800,00 денари.

За управните спорови, заведени во Уписниците “УПР”, “УПРК”, “УПРД” и “УПРЦ”, се досудува судска такса за тужба во износ од 480,00 денари (не се досудува судска такса за одлука).

## I.III. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ТРОШОЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ОДБИВАЊЕ, ОТФРЛАЊЕ НА ТУЖБА И ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКА

Доколку тужбата биде одбиена, отфрлена или постапката се запре, не се досудуваат трошоци на постапката, односно секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови.

## I.IV. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ТРОШОЦИТЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ЛИЦА

На заинтересираните лица, во управен спор не им се досудуваат трошоци на постапката, од причина што, заинтересираното лице е секогаш на страната на тужениот орган, па доколку тужбата се уважи, значи не успеало во спорот, а доколку тужбата се одбие, отфрли или постапката се запре, во овој случај се применува член 86 став 3 од Законот за управните спорови, односно секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката.

## I.V.ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРЕМЕНИ МЕРКИ

За времени мерки во управен спор, не се досудуваат трошоци за постапката.

## I.VI.ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ТРОШОЦИТЕ ВО МОДЕЛ ПОСТАПКИТЕ

Во специјализираните судски оддели, во кои се одлучува во модел постапка, за тужбите по кои има прекин на постапката, доколку тужбата е поднесена од полномошник – адвокат се досудуваат трошоци на постапката во висина од 7.000,00 денари за награда за управен спор + 18%ДДВ (доколку адвокатот достави доказ дека е ДДВ обврзник) и судска такса за тужба и за одлука, во вкупен износ од 1.280,00 денари (480,00 денари такса за тужба + 800,00 денари такса за одлука).

Доколку тужбата е поднесена лично од тужителот или полномошник на тужителот кој не е адвокат, се досудуваат трошоци за судска такса за тужба и судска такса за одлука, во вкупен износ од 1.280,00 денари (480,00 денари такса за тужба + 800,00 денари такса за одлука).

## II.

Мислењата на Претседателите на оддели беа поделени во однос на досудување на трошоци во управно судската постапка, **во случај на уважување на тужбата по одржување на јавна расправа и доколку тужителот е застапуван од полномошник – адвокат. Имено, за ваквите случаи произлегоа два предлога кои се ставаат на гласање на седница на судии:**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН СУД**
**СКОПЈЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT**
**GJYKATA ADMINISTRATIVE**
**SHKUP**

**<u>ПРЕДЛОГ 1.</u>**

Се досудуваат трошоци на постапката во висина од 7.000,00 денари за награда за управен спор + 18%ДДВ (доколку адвокатот достави доказ дека е ДДВ обврзник) и судски такси за тужба и одлука (во предметите каде тужителите не се ослободени од плаќање на судски такси) во износ од 1.280,00 денари (480,00 денари такса за тужба +800,00 денари такса за одлука). При тоа, за управните спорови заведени во Уписниците "УПР", "УПРК", "УПРД" и "УПРЦ", се досудува судска такса за тужба во износ од 480,00 денари (не се досудува судска такса за одлука). Не се досудуваат трошоци за состав на други поднесоци (уредување на тужба, состав на полномошно, одговор на тужба и сл.).

Конкретно, се постапува на начин како што е наведено во Глава I Подглава I.I., односно се досудуваат трошоци како на одржана нејавна седница.

**<u>ПРЕДЛОГ 2.</u>**

Предлог 1 се дополнува со плус трошоци 30% паушал. Освен утврдените трошоци во Предлог 1, дополнет со 30% паушал, се досудуваат плус трошоци за застапување во износ од од 7.000,00 денари, плус 30% паушал, плус 20% за секој започнат час застапување, согласно Адвокатската тарифа. Доколку адвокатот е ДДВ обврзник, се досудува плус 18% ДДВ.

Судски администратор,
Ивана Смугреска